**2024029748**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 32 став (6) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР, КАКО И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ОДЗЕМАЊЕ И ЗАМЕНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за службената легитимација на финансискиот инспектор, како и начинот на нејзиното издавање, одземање и замена.

Член 2

Службената легитимација на финансискиот инспектор се издава по поднесено барање од страна на финансискиот инспектор заедно со лиценцата за финансиски инспектор.

Член 3

Службената легитимација на финансискиот инспектор (во натамошниот текст: легитимацијата) се издава на образец во правоаголна форма со димензии од 86мм x 54мм кој е пластифициран, а од надворешната страна е заштитен со црн кожен дводелен повез со две прегради.

Формата и содржината на легитимацијата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Во случај на престанок на работниот однос или суспензија согласно закон, финансискиот инспектор треба да ја врати легитимацијата и истата се поништува.

Во случај на суспензија на финансискиот инспектор од ставот 1 на овој член, легитимацијата се одзема додека трае суспензијата во временскиот период определен во решението за суспензија.

Член 5

Во случај на оштетување или губење на легитимацијата на финансискиот инспектор, финансискиот инспектор кој ќе ја оштети, загуби или на друг начин ќе остане без легитимацијата треба веднаш усно или писмено (хартиено или електронски) за тоа да го извести својот непосредно претпоставен, наведувајќи ги причините поради кои останал без легитимацијата, со цел замена со нова легитимација.

Новата легитимација од ставот 1 на овој член ќе се издаде откако во „Службен весник на Република Северна Македонија“ легитимацијата ќе се прогласи за неважечка, оштетена, загубена или на друг начин исчезната.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-906/1
5 февруари 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими/Fatmir Besimi,** с.р.

**Прилог**

ПРЕДНА СТРАНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| Грб на<br>Република<br>Северна<br>Македонија | РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 25мм x 20мм<br>ФОТОГРАФИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР |

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА

ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР

__________________________
Име и презиме

______________________________
Број на легитимација

ЗАДНА СТРАНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА

ОВЛАСТУВАЊЕ

„Носителот на оваа легитимација е овластен да врши финансиска инспекција во јавниот сектор согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) и законите во кои е утврдено вршењето инспекциски надзор над субјектите на финансиската инспекција од страна на финансиската инспекција.“

___________, Скопје
Датум М.П. _______________
Министер за финансии

НАДВОРЕШНА СТРАНА НА ПРВИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА ПРВИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

Место за легитимацијата

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА ВТОРИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

ФИНАНСИСКА
ИНСПЕКЦИЈА

**Прилог**

ПРЕДНА СТРАНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Грб на Република Северна Македонија/ Stema e Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E FINANCAVE

25мм/mm x 20мм/mm

ФОТОГРАФИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР/
FOTOGRAFIA E INSPEKTORIT FINANCIAR

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР
LEGJITIMACIONI ZYRTAR I INSPEKTORIT FINANCIAR

________________________________
Име и презиме / Emri dhe mbiemri

______________________________________
Број на легитимација / Numri i legjitimacionit

ЗАДНА СТРАНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА

ОВЛАСТУВАЊЕ
AUTORIZIM

„Носителот на оваа легитимација е овластен да врши финансиска инспекција во јавниот сектор согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) и законите во кои е утврдено вршењето инспекциски надзор над субјектите на финансиската инспекција од страна на финансиската инспекција.“

"Poseduesi i këtij legjitimacioni autorizohet që të kryejë inspektimin financiar në sektorin publik sipas Ligjit të Inspektimit Financiar në Sektorin Publik (*) dhe ligjeve me të cilat përcaktohet kryerja e mbikëqyrjes inspektuese mbi subjektet e inspektimit financiar nga inspektimi financiar".

_______________, Скопје/Shkup
Датум/Data

М.П. /V.V.

____________________________
Министер за финансии /
Ministër i Financave

НАДВОРЕШНА СТРАНА НА ПРВИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E FINANCAVE

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА ПРВИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

Место за легитимацијата
Vendi i legjitimacionit

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА ВТОРИОТ ДЕЛ НА ПОВЕЗОТ

ФИНАНСИСКА
ИНСПЕКЦИЈА
INSPEKTIMI
FINANCIAR